1. Објавувам Одлука за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на Црквата „Христово Воскресение од с.Далбеговци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/8 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на Црквата „Христово Воскресение од с.Далбеговци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства во износ од **30.000,00** денари или набавка на градежни материјали, на црквата „Христово Воскресение од с.Далбеговци

Составен дел на Одлуката е Барањето бр.08-312/1 од 18.03.2020 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2020 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-416/11 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали на Храм Св.Никола с.Градешница, за потребите на манастирот Св.Петка.

1. Објавувам Одлука за одобрување набавка на градежни материјали на Храм Св.Никола с.Градешница, за потребите на манастирот Св.Петка., донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/9 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување набавка на градежни материјали на Храм Св.Никола с.Градешница, за потребите на манастирот Св.Петка.

Член 1

СЕ ОДОБРУВА набавка на градежни материјали на Храм Св.Никола с.Градешница, за потребите на манастирот Св.Петка.

Составен дел на Одлуката е Барањето бр.08-295/1 од 10.03.2020 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2020 година.

Член 3

Градежните материјали да се набават во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-416/12 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на црковен одбор од црквата Св.Атанасиј Велики с.Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на црковен одбор од црквата Св.Атанасиј Велики с.Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/10 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на црковен одбор од црквата Св.Атанасиј Велики с.Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства или набавка на градежни материјали на црковен одбор од црквата Св.Атанасиј Велики с.Новаци, за изградба на настрешница во дворот на црквата.

Составен дел на Одлуката е Барањето бр.08-134/3 од 27.05.2020 година.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2020 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-416/13 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/11 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. 56 од 15.04.2011, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/12, 115/14, 199/14, 124/15,129/15, 217/15 година), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година да ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изградениот објект- индивидуална семејна куќа бр. 1 изграден на дел од КП бр. 1235 КО Бач опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , за утврдување на правен статус на бесправни објекти и делови од објекти, изработен од ДОО Тера Геодет од Битола заведени под бр. 08-398/6-15 од 21.12.2015 година, во идната урбанистичко-планска документација за село Гермијан , по барање на **Марковски Илија од Битола, ул. Ѓорги Зековски бр. 33 , со бр. 09-02 од 17.08.2017 година и барањато за промена на барател за утврдување на правен статус на бесправни објекти од значење на Републиката , бесправни објекти од локално значење поднесено од Благоја Марковски од Битола, ул. Ѓорги Зековски бр. 33 , со бр. 09-02 од 27.05.2020 година.**

Член 2

Согласно постоечкиот Општ акт за село Гермијан У21-10/14 од 12/2014 , донесен со Одлука на Совет на Општина Новаци 14-71/21 од 30.01.2015 година, КП бр. 1235 КО Бач се наоѓа надвор од опфтот на село Бач, а непосредно до катастарска граница КО Гермијан.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-416/14 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП 2

1. Објавувам Одлука за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП 2, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-444/12
16.06.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП 2

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за намената на користење на грант средства добиени преку Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП 2 за реализација на проектот ,, Набавка на три специјални комунални возила ,,

Член 2

Општина Новаци средствата во висина од 4.612.362,00 денари , добиени како грант за успешно реализиран под - проект преку задолжување во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги , финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развоја (Светска банка) ќе ги искористи за реализација на проектот за Набавка на камион за собирање на отпад , контејнери за отпад и канти за отпад.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.14-416/15
12.06.2020 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за кофинансирање на проектот за ,, - Набавка на три специјални комунални возила,,

1. Објавувам Одлука за кофинансирање на проектот за ,, - Набавка на три специјални комунални возила,,, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-444/13
16.06.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во врска со член 20 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник а на РМ бр. 60/04,96/04,67/07,156/09,47/11 и 192/15, а во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА

за кофинансирање на проектот за ,, - Набавка на три специјални комунални возила,,

Член 1

Со оваа Одлука се определува кофинансирање на под- проектот за Набавка на три специјални комунални возила ,, .

Одлуката за кофинансирање претставува дополнување на износот од 4.612.362,00 денари , Грант обезбеден преку Проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2 .

Член 2

Дополнителното кофинансирање на овој Проект изнесува 400.000,00 денари.

Средствата се обезбедени од Буџетот на општина Новаци.

Средствата за кофинансирање ќе бидат префрлени на посебна наменска сметка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Новаци.

Бр.14-416/16
12.06.2020 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за измена и дополнување на Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

1. Објавувам Одлука за измена и дополнување на Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година , донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/14 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

ОДЛУКА
за измена и дополнување на Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

Член 1

Во Одлуката за измена и дополнување на Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година бр.14-255/6 од 28.02.2020 година, се врши следната измена и дополнување:

Членот 2 се менува и гласи:

Истакнувањето на изборните плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година започнува од --2020 г. /00,00 часот/ и завршува на - -2020 г.во 24,00 ч.

На утврдените места организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа(**бесплатно)** со залепени плакати распоредени во линија , под услов да не се попречува видикот на другите паноа , но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Бр.14-416/17 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај за искористени средства за 2019 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИЈО-Новаци за Културно-забавно лето Новаци 2019 година

1. Објавувам Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај за искористени средства за 2019 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИЈО-Новаци за Културно-забавно лето Новаци 2019 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/15 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај за искористени средства за 2019 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИЈО-Новаци за Културно-забавно лето Новаци 2019 година

Член 1

СЕ ДАВА Согласност на доставен Извештај за искористени средства за 2019 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИЈО-Новаци за Културно-забавно лето Новаци 2019 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е доставен Извештај за искористени средства за 2019 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИЈО-Новаци за Културно-забавно лето Новаци 2019 година, наш број 15-425/2 од 09.06.2020 година,15-425/1 од 09.06.2020 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-416/18 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на родителите на деца запишани во 1-во оделение во ОУ„Славко Лумбарковсаки„ Новаци и подрачните училишта во општина Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства на родителите на деца запишани во 1-во оделение во ОУ„Славко Лумбарковсаки„ Новаци и подрачните училишта во општина Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/16 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства на родителите на деца запишани во 1-во оделение во ОУ„Славко Лумбарковсаки„ Новаци и подрачните училишта
во општина Новаци.

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства на родителите на деца запишани во 1-во оделение во ОУ„Славко Лумбарковсаки„ Новаци и подрачните училишта во општина Новаци.

За секој ученик запишан во 1-во оделение ќе се исплаќа износ од **5.000,00 денари**-бруто износ**.**

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци.

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 3

Родителите на децата треба да достават содветна документација:барање, потврда од училиштето за запишана година, извод на родените од детето, фотокопија од лична карта и трансакциона сметка на еден родител.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-416/19 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување исплата на финансиски средства во 2020 година на финансиски средства кои се одобрени во 2019 година а не се исплатени во 2019 година на КУД„Новаци„ Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување исплата на финансиски средства во 2020 година на финансиски средства кои се одобрени во 2019 година а не се исплатени во 2019 година на КУД„Новаци„ Новаци, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 12.06.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-444/17 ОпштинаНоваци
16.06.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 12.06.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување исплата на финансиски средства во 2020 година на финансиски средства кои се одобрени во 2019 година а не се исплатени во 2019 година на КУД„Новаци„ Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВА исплата на финансиски средства во 2020 година на финансиски средства кои се одобрени во 2019 година а не се исплатени во 2019 година на КУД„Новаци„ Новаци во износ од **35.700,00 денари**, за автобуски превоз и тошоци за кореограф .

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2020 година.

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци.

Член 4

Средствата да се префрлат на Ж-сметка:500-1269-03, на име КУД „Новаци„ Новаци со ЕДБ: 4002999140162, при Стопанска Банка Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување иќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Со влегување во сила на ова Одлука, престанува да важи Одлука за одобрување на финансиски средства за КУД„Новаци„ Новаци бр.14-875/8 од 22.10.2019 година.

Бр.14-416/20 Совет на општина Новаци
12.06.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на тромесечен извештај за извршување на Буџетот на општина Новаци за Периодот 01.01.2020 до 31.03.2020 година.

2. Заклучок за објавување Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци 2020 година- Јуни 2020

3. Заклучок за објавување Измена на Годишен план за јавни набавки на општина Новаци 2020 година- Јуни 2020

4. Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Стив Јовановски с.Брод

5.Заклучок за објавување Одлука за доделување на еднократна парична помош на Кире Милошевски с.Новаци

6. Заклучок за објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај од Здружение за ревитализација на с Груниште, за одобрени средства за 2019 година

7.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на средства на Здружение за Ревитализација на с.Груништа

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на Црквата ,,Христово Воскресение од с.Далбеговци

9.Заклучок за објавување Одлука за одобрување набавка на градежни материјали на Храм Св.Никола с.Градешница, за потребите на манастирот Св.Петка.

10.Заклучок за објавување Одлука за одобрување финансиски средства или набавка на градежни материјали на црковен одбор од црквата Св.Атанасиј Велики с.Новаци

11.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

12.Заклучок за објавување Одлука за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општинските услуги – МСИП 2

13.Заклучок за објавување Одлука за кофинансирање на проектот за ,, - Набавка на три специјални комунални возила,,

14.Заклучок за објавување Одлука за измена и дополнување на Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

15.Заклучок за објавување Одлука за давање СОГЛАСНОСТ на доставен Извештај за искористени средства за 2019 година од Здружение за мода ПИКСИ-СТУДИЈО-Новаци за Културно-забавно лето Новаци 2019 година

16.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства на родителите на деца запишани во 1-во оделение во ОУ,,Славко Лумбарковсаки,, Новаци и подрачните училишта во општина Новаци.

17. Заклучок за објавување Одлука за одобрување исплата на финансиски средства во 2020 година на финансиски средства кои се одобрени во 2019 година а не се исплатени во 2019 година на КУД,,Новаци,, Новаци.

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци